# Реформската агенда на Северна Македонија (2024–2027) и Берлинскиот процес
## Што претставуваат и зошто се важни

РЕАКТОР
истражување во акција

**Берлинскиот процес** е меѓувладина иницијатива започната во 2014 година од Ангела Меркел со цел да ја поддржи интеграцијата на Западен Балкан во ЕУ преку регионална соработка, економска поврзаност и помирување.

Планот за раст на ЕУ за Западен Балкан е финансиска и реформска иницијатива започната од Европската Комисија во 2023 година, со цел да се забрза економското приближување на шесте земји од Западен Балкан кон Европската Унија пред полноправното членство.

## Краток преглед

**Реформската агенда на Северна Македонија (РА) 2024–2027** ја операционализира регионалната соработка и реформските приоритети поставени преку Берлинскиот процес, во рамки на Планот за раст на ЕУ за Западен Балкан.

Реформската агенда претставува патоказ на Владата за усогласување со стандардите на ЕУ, зајакнување на институциите и добивање пристап до средствата од Планот за раст. Европската Комисија ја следи нејзината имплементација, а финансиските средства се исплаќаат врз основа на напредокот во реформите.

Реформската агенда е важна затоа што директно ги поврзува домашните реформи со пристапувањето кон ЕУ и со финансирањето. Нејзиното спроведување има директен удел во управувањето, владеењето на правото, економската конкурентност и зелената и дигиталната транзиција, поради што е од централно значење за демократската отпорност и долгорочниот развој на земјата.

## Од регионални приоритети до национални реформи: Берлинскиот процес и Реформската агенда на Северна Македонија низ призмата на родова еднаквост

Реформската агенда на Северна Македонија, (РА) беше усвоена во октомври 2024 година. Во согласност со препораките произлезени од Берлинскиот процес, РА предвидува 37 реформи и 136 мерки што треба да се спроведат помеѓу декември 2024 и август 2027 година во пет приоритетни области: управување и јавна администрација, енергетска и дигитална транзиција, човечки капитал, развој на приватниот сектор и владеење на правото. Интегрирањето на родовата перспектива се споменува низ документот, но обврските се ограничени и нерамномерни.

Реформската агенда ја претставува Северна Македонија како релативно напредна во законодавството и имплементацијата во областа на родовата еднаквост. Сепак, оваа оценка е во остра спротивност со Извештајот за земјата за 2025 година на Европската Комисија, кој утврди дека нема значителен напредок во националната политичка рамка за интегрирање на родовата еднаквост ниту во напорите за усогласување со правото на ЕУ и релевантните меѓународни стандарди. Клучните структурни реформи остануваат закочени, како што е долгоочекуваниот Закон за родова еднаквост и новиот Закон за работни односи, додека имплементацијата на Стратегијата за родова еднаквост е слаба. Во исто време, анти-родовите и анти-демократските движења го засилуваат нивното влијание, дополнително попречувајќи го законодавниот и политичкиот напредок.

Во областа на родово-базираното насилство (РБН), правната рамка е во голема мера недоволно финансирана и обележана со системски слабости: лимитирано прибирање и следење на податоци, слаба институционална координација, ограничени услуги за поддршка на жртвите, неефикасна истрага и гонење, благи казни, недоволно спроведување на обврските за издржување на деца и ограничен пристап до бесплатна правна помош. Економските последици од насилството исто така се недоволно адресирани, оставајќи ги жртвите без соодветна финансиска поддршка. Овој јаз меѓу самооценката на Владата и наодите на ЕУ ја нагласува потребата од потранспарентен и структурно втемелен пристап кон реформите за родова еднаквост, заснован врз докази. Конкретизирани обврски во областа на родова еднаквост се појавуваат во приоритетната област Човечки капитал.

Реформската агенда ветува зголемување на учеството на жените на пазарот на труд преку прилагодени програми и проширени можности за образование и обука насочени кон зајакнување на економската независност на жените. Иако овие мерки се важни, тие сами по себе се недоволни. Без сеопфатна законска и политичка рамка што ќе ја адресира структурната дискриминација и ќе се спротивстави на анти-родовите реакции, активирањето на пазарот на труд само по себе нема да го затвори родовиот јаз.

Во поглавјето за Зелената транзиција, Реформската агенда признава дека кризите и социоекономските шокови може да го вратат назад напредокот во правата на жените. Таа предвидува ревизија и имплементација на Националниот план за енергија и клима (НПЕК) и Патоказот за праведна транзиција, развиени со поддршка од ЕУ.

НПЕК ги препознава социоекономските нееднаквости и ранливости поврзани со климатските промени и енергетската транзиција, но потребен е внимателен мониторинг за да се осигури дека имплементацијата на НПЕК и Патоказот за праведна транзиција соодветно ги зема предвид различните влијанија врз жените, девојчињата и маргинализираните групи, и дека принципите на праведна транзиција се применуваат во пракса.

Во областа на Дигиталната транзиција, Реформската агенда признава дека дигиталната трансформација може да ги намали родовите јазови во вработувањето и сиромаштијата. Сепак, недостигаат конкретни мерки насочени кон жените и маргинализираните групи. Иако РА се обврзува да го усогласи националното законодавство со дигиталното законодавство на ЕУ, таа не ги интегрира експлицитно родовите прашања, вклучително и технолошки потпомогнатото родово-базирано насилство. Неопходно е усогласување со новата Директива на ЕУ за насилството врз жените да биде дел од дигиталните реформи. РА накратко ја споменува борбата против родово-базираното насилство во делот за интегрирање на родовата перспектива, но предложените реформи – како подобрување на интегритетот на судството – не се однесуваат конкретно на постапувањето со случаи на семејно и родово-базирано насилство ниту на зајакнување на правата на жртвите. Индикаторите и целите не ги споменуваат експлицитно жените или родот. Агендата исто така не го приоретизира донесувањето на долгоочекуваниот Закон за родова еднаквост, и покрај повторените препораки од Европската Комисија. Накратко, РА содржи ограничени мерки за вработување и референци за родови аспекти во зелената транзиција, но не се справува со структурната дискриминација ниту обезбедува механизам за донесување на клучното одложено законодавство. Постои ризик интегрирањето на родовата перспектива да продолжи да фигурира само на реторичко, наместо на трансформативно ниво.

## Заклучок

Реформската агенда на Северна Македонија ја референцира родовата еднаквост, но недостига структурна длабочина, законодавно приоретизирање и финансиско обврзување коишто се неопходни за трансформативна промена. Без конкретна акција – особено без донесување на одложеното законодавство, операционализирање на системите за заштита од родово-базирано насилство и интегрирање на родовата еднаквост низ сите реформски столбови – постои ризик интеграцијата на родовата перспектива да остане симболична.

Како што нагласуваат Европската Комисија и регионалните граѓански организации, не може да има вистинско приближување кон ЕУ без еднаквост. Родовата еднаквост и различност мора да станат мерливи, финансиски помогнати и применливи приоритети во сите реформски и пристапни процеси.

## Препораки: Што може да се направи?

Родовата еднаквост и различноста мора да се третираат како темели на демократската отпорност и интеграцијата на Западен Балкан во ЕУ. Без структурни инвестиции во еднаквоста, усогласувањето со нормите на ЕУ ќе остане заковено.

**1. Родовата димензија мора да биде интегрирана во сите реформски области**
o Да се спроведат родови анализи за влијанието на сите реформи во РА.
o Приоритетно да се инвестира во економијата на грижа, превенција на родово-базирано насилство и родово-одговорно буџетирање во мерките од Планот за раст, зелената и дигиталната транзиција.

**2. Одложеното законодавство мора да се донесе и спроведе**
o Да се приоретизира донесувањето на Законот за родова еднаквост и Законот за работни односи.
o Да се усогласи националното законодавство со Директивата на ЕУ од 2024 година за борба против насилството врз жените и со Истанбулската конвенција.

**3. Системот за заштита од родово-базирано насилство мора да се операционализира**
o Да се обезбеди одржливо финансирање за системите за превенција и заштита.
o Да се обучат судството, полицијата и јавните службеници за пристап фокусиран на жртвите.
o Да се гарантира универзален пристап до бесплатна правна помош, засолништа и психосоцијални услуги.

**4. Системите за родови податоци мора да се зајакнат**
o Да се инвестира во собирање податоци раздвоени по пол на национално и локално ниво.
o Да се воспостават механизми за следење на имплементацијата и резултатите.

**5. Да се обезбеди инклузивно учество**
o Да се институционализира учеството на граѓански организации за правата на жените и организации што ги претставуваат Ромите, ЛГБТИК+ лицата, руралните заедници и младите во реформските процеси.

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Британскиот совет, во рамки на проектот „Застапување и имплементација на препораките за јавни политики од Форумот на граѓанско општество 2025 во Северна Македонија“. Ставовите изразени во публикацијата се на Реактор и не мора нужно да ги одразуваат ставовите на Британскиот совет.